Twelfth International Scientific Conference
SOCIAL CHANGES IN THE GLOBAL WORLD
Faculty of Law, Goce Delcev - Stip

UDK: 347.232:347.62(497.7)
347.626(497.7)

# THE SIGNIFICANCE OF PROPERTY ACQUIRED IN MARRIAGE

**Risto ILIOSKI, PhD**
Court Associate, Primary Court Kichevo
ristoi@yahoo.com

**Abstract:**

The importance of property acquired in marriage has always attracted great attention. Thus, the property of spouses can be divided into joint and separate property. The property that spouses acquire during the duration of the marriage is their joint property. The paper will discuss how the property of spouses is registered in the Real Estate Cadastre Agency. What would be the management of the joint property, up to the possible division of the joint property? In fact, the regulation of marital relations from a property aspect is being considered, and for all this we will look at the legal regulations.

The purpose of the paper is to explain the acquisition of property in a marital union. Starting from what property can be in general, both joint and separate, through management, division of joint property, the responsibility of the spouse for obligations, and up to the legal status of gifts given by spouses to each other, before or during the marriage.

In addition to its theoretical dimension, the paper also gains its practical side through the consideration of specific examples.

***Keywords:*** marriage, property, acquisition, division, gifts.

# ЗНАЧЕЊЕТО НА ИМОТОТ СТЕКНАТ ВО БРАК

**Д-р Ристо ИЛИОСКИ**
Судски соработник, Основен суд Кичево
ristoi@yahoo.com

**Апстракт:**
Отсекогаш големо внимание предизвикувало значењето на имотот стекнат во брак.

Така имотот на брачните другари може да се подели на заеднички и посебен имот. Имотот кој брачните другари ќе го стекнат во текот на траење на брачната заедница претставува нивен заеднички имот. Во трудот ќе стане збор за тоа како имотот на брачните другари се запишува во Агенцијата за катастар на недвижности. Какво би било управувањето со заедничкиот имот па се до можната поделба на заедничкиот имот. Всушност се согледува уредувањето на брачните односи од имотен аспект, при што за сето ова ќе ја погледнеме правната регулатива.

Целта на трудот е да се изврши објаснување на стекнувањето на имотот во брачна заедница. Почнувајќи од тоа како може да биде воопшто имотот, на заеднички и посебен, преку управувањето, поделбата на заедничкиот имот, одговорноста на брачниот другар за обврските, па се до правниот статус на подароците што си ги дале брачните другари еден на друг, пред склучување на бракот или во текот на бракот.

Освен својата теоретска димензија, трудот преку согледување на конкретни примери ја добива и својата практична страна.

***Клучни зборови****: брак, имот, стекнување, делба, подароци.*

## Вовед

Помеѓу членовите на семејството, освен личнии односи настануваат и имотни односи. Имено имотните односи се неизоставен дел од семејните односи и од семејно – правна гледна точка настануваат помеѓу брачните другари, вонбрачните партнери и меѓу родителите и децата.

Со склучувањето на бракот брачните партнери стекнувааат имот. Тие стекнуваат имот на различни начини било со создавање на материјални добра преку работен однос или по пат на подарок, наследување и слично. Мора да се има предвид дека брачната заедница на некој начин претставува и економска заедница, односно брачната заедница како заедница на живот на брачните другари од еден друг аспект ја изразува во одредена мера и економската функција на семејството.

Во современото семејно законодавство, но и во правната теорија се познати неколку видови на начини на уредување на брачните имотни односи. Така, во зависност од тоа дали е пресудна волјата на брачните другари или уредувањето на имотните односи на брачните другари се врши со законот, се разликуваат законски имотен режим и договорен имотен режим. Доколку волјата на брачните другари е пресудна, односно доколку брачните другари преку договорот ги регулирале имотните односи, односно брачните другари избрале определен законски модел на брачен имотен режим, како што е случај во современите законодавства тогаш се работи за договорен имотен режим. Додека законскиот имотен режим наоѓа своја примена во отсуство на договорот, како основа за регулирање на брачните имотни односи. Тогаш своја примена наоѓа законот. Со тек на време се појавува и мешовит модел на регулирање на брачните имотни односи, ова секако е тенденција во современите семејно правни системи, кои како новитет го прифаќаат договорниот имотен режим на брачните другари.

Во нашата држава согласно Законот за сопственост и други стварни права[1] (во понатамошниот текст: ЗСДСП) се уредени два режима на имотни односи на брачните другари и тоа законски брачен имотен режим и договорен брачен имотен режим. Според законскиот имотен режим кој е доминантен имотот на брачните другари се дели на заеднички и посебен имот. Овој модел е доминантен во законодавството и практиката затоа што договорниот имотен режим има ограничена примена на пример кај управувањето и располагањето со посебниот и заедничкиот имот. Така овој договор претставува само еден дел од договорниот имотен режим, бидејќи договорно уредување на останатите имотни односи во нашето позитивно право изостанува не е регулирано со законски норми. Кај нас во нашата држава позитивното семејно право согласно Законот за семејството[2] (во понатамошниот текст: ЗС) не го познава брачниот договор, односно брачниот договор не е уреден со законски норми. Брачните другари сепак можат во практиката да го применат договорот за одредени аспекти, како што опишавме врз основа на еден друг закон, а тоа е Законот за облигационите односи[3], согласно начелото на слободно уредување на облигационите односи.

Друго прашање пак претставува научната оправданост да се регулираат имотните односи на брачните другари со ЗСДСП. Со донесувањето на овој закон од ЗС беа преземени одредбите со кои се регулираа имотните односи на брачните другари. Оттука пак и поделеноста на правните теоретичари со кој Закон имотните односи на брачните другари да се регулираат. Дали со ЗСДСП или со ЗС. На мислење сме дека независно со кој закон ќе бидат уредени, побитна е нивната суштина, а за подлабока реформа на овој дел од имотните односи, треба да се размисли дали да стане реалност брачниот договор во неговиот полн капацитет.

## 1. Поим за заеднички и посебен имот

Од склучувањео на бракот, од создавањето на брачната заедница брачните партнери секој во зависност од сопствените можности придонесува кон задоволување на нивните заеднички потреби како и за потребите на нивните деца. Со други зборови создаваат материјални добра. Законодавецот најпрвин предвидел дека, имотот на брачните другари може да биде заеднички и посебен имот (чл. 66 од ЗСДСП). Потоа имотот кој брачните другари ќе го стекнат во текот на траењето на бракот претставува нивен заеднички имот (чл. 67 од ЗСДСП). Се работи за заеднички придонес било да станува збор за непосреден или посреден. Од законската одредба јасно станува збор дека за заеднички имот потребно е да има брачна заедница и имотот да е стекнат за време траењето на таа брачна заедница. Спорно е прашањето дали треба да се има волја стекнатиот имот да биде заеднички. Ова барање произлегува од судската пракса. Така во правната наука се наведува дека, „покрај овие услови, судската пракса наведува дека е потребно и да постои волја стекнатиот имот да биде заеднички. (Мицковиќ Д., Ристов А., 2015)

Иако законодавецот не ги наведува основите за стекнување на заеднички имот, секако најзначаен основ претставува трудот односно работата на брачните другари. На овој начин се создаваат материјални средства нов имот, односно зголемување на постојниот имот. Секако овде треба да се има предвид и фактот дека се признава како придонес во зголемувањето на

---

1 „Службен весник на Република Македонија“ бр. 18/2001, 92/2008, 139/2009, 35/2010.

2 „Службен весник на Република Македонија“ бр. 80/1992, 9/1996, 38/2004, 83/2004 – пречистен текст, 33/2006, 84/2008, 157/2008 – пречистен текст, 67/2010, 156/2010, 39/2012, 44/2012, 38/2014, 115/2014, 104/2015, 150/2015, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.53/2021 и 199/2023.

3 „Службен весник на Република Македонија“ број 18/2001, 78/2001, 04/2002, 59/2002, 05/2003, 84/2008, 81/2009, 161/09 и 123/2013.

заедничкиот имот, односно претставува заеднички имот и директниот придонес на брачниот другар во зголемувањето на имотот, но и посредниот придонес односно преземање на активности од страна на брачниот другар кои го овозможуваат создавањето на заедничкиот имот. Овде е најчесто ангажираноста на едниот брачен другар, најчесто жената околу огледувањето на децата, водењето на домаќинството и слично. Освен трудот, односно работата како основ за настанување на заеднички имот се јавуваат подароците, доколку се направени на двајцата брачни другари. Може да се работи како за даровни така и за товарни правни дела во кој се јавуваат и двајцата брачни другари. До заеднички имот може да се дојде и преку тестаментално наследување доколку е направено во корист на двајцата брачни другари. Како заеднички имот на брачните другари се смета и кредитот земен во брачната заедница, односно земен и исплатуван од брачните другари. Но, секако тука влегуваат и каматите од заеднички штедни влогови, како и приходите од заедничкиот и посебниот имот на брачните другари. Во теоријата стои, „макарштo посебниот имот има различен третман, приходите што тој ги создава, влегуваат во заеднички имот.“ (Спировиќ-Трпеновска, 2008) Така, приходите од заедничкиот имот на брачните другари, како што се камати, дивиденда и други приходи, понатаму надомест на штета предизвикана на заедничкиот имот, имотот кој двајцата брачни другари заеднички го стекнале по основ на легат, дар или наследство, претставува нивен заеднички имот.[4]

Во нашата држава е прифатен ставот за заедничка сопственост за заедничкиот недвижен имот на брачните другари. Заедничка сопственост е сопственост на повеќе лица на неподелена ствар кога нивните делови се определиви, но сепак не се однапред определени (чл. 59, ст. 1 од ЗСДСП). Оттука во јавните книги, кога станува збор за заеднички имот, правото на сопственост на недвижноста се запишува на името на двајцата брачни другари како заеднички имот.[5] Ако во јавните книги како сопственик на заедничкиот имот е запишан само едниот од брачните другари ќе се смета дека уписот е извршен во името на двајцата брачни другари, при што ако во јавните книги се запишани двајцата брачни другари како сосопственици на определени делови, ќе се смета дека на тој начин ги утврдиле деловите во заедничкиот имот (чл. 69, ст. 2 и 3 од ЗСДСП). Оттука и во пратиката доколку недвижниот имот се продава, најчесто се бара согласност од другиот брачен другар. Така, „затоа, доколку на пример недвижниот имот стекнат во брак се продава, најчесто од страна на нотарот се бара изјава од другиот брачен другар со која се согласува недвижниот имот да биде продаден, иако недвижниот имот е запишан само на едниот брачен другар.“[6]

Што се однесува до посебниот имот на брачните партнери, законодавецот најпрво регулирал дека имотот што едниот брачен другар го имал во време на склучување на бракот претставува негов посебен имот (чл.68, ст.1 од ЗСДСП). Исто така како посебен имот ќе се смета и имотот и правото врз имотот што брачниот другар ќе го добие по основа на наследство, легат и подарок, но и стварите стекнати во бракот, а кои исклучиво служат за задоволување на личните потреби на еден од брачните другари, доколку сепак не претставува несразмерно голема вредност во споредба со вредноста на вкупниот заеднички имот.[7] Значи законодавецот со свои одредби врши на некој начин разграничување на заедничкиот од посебниот имот. Не треба воопшто да се доведува во прашање имотот што брачниот другар го имал во време на склучување на бракот. Се работи за негов лично имот, кој го стекнал со свој труд, без учество на брачниот другар. Брачните другари можеби кога го стекнувале имотот и воопшто да не се познавале. Со други зборови се работи за имот што не е резултат на трудот на двајцата брачни другари. Од друга страна и неспорно е дека имотот стекнат и за време на траење на брачната

[4] Види повеќе кај: Стекнување имот во брачна заедница. Достапно на [04.04.2025], https:/jpacademy.gov.mk/wp-content/uploads/2024/02/ИМОТ-СТЕКНАТ-ВО-БРАК-судија-Георгиевска-Read-Only.pdf.

[5] Види за повеќе член 69, став 1 од ЗСДСП.

[6] Имот стекнат во брак – се што треба да знаете. Достапно на [26.02.2025], https://blaw.com.mk/mk/имот-стекнат-во-брак/.

[7] Види член 68, став 2. „Секој брачен другар самостојно управува и располага со посебниот имот, доколку брачните другари во писмена форма поинаку не се договорат“ (чл. 68, ст. 3).

заедница, но е резултат на наследство, легат и подарок да биде негов посебен имот. Кај сите овие дела заеднички е личниот однос на оставителот со наследникот или даропримачот спрема дародавачот. Во оваа насока како посебен имот се сметаат и материјалните добра, односно ставарите стекнати во бракот, а кои исклучиво служат за задоволување на личните потреби на еден од брачните другари. Но, овде постои услов, а тоа е доколку не претставува несразмерно голема вредност во споредба со вредноста на вкупниот заеднички имот. Овде како пример би можеле да го наведиме случајот со стоматолошка ординација кој ја поседува еден од брачните другари. Така, „во овој правец е и судската практика на Врховниот суд на Македонија, кој заклучил дека брачниот другар кој учествувал во реновирање на куќата која другиот брачен другар ја стекнал пред склучување на бракот, не стекнува со тоа право на заедничка сопственост.“ (Мицковиќ Д., Ристов А., 2015) Во овој случај оној брачен другар кој ја реновирал куќата има право на побарување согласно облигационото право.

За разлика од заедничкиот имот на брачните другари каде не беа наведени основите за стекнување на истиот, овде како што погоре опишавме кај посебниот имот овој недостаток го регулира. Но, сепак и тука законодавецот кога станува збор за посебниот имот пропуштил да го регулира прашањето за авторските хонорари, односно прашањето за приходите од интелектуална сопственост. Овде во литературата се застапени две становишта.[8] Според првото становиште, ваквиот имот како резултат на сопствената креација на авторот во творењето претставува посебен имот на самиот автор. Додека според второто становиште, иако авторското дело е резултат на креацијата на авторот сепак брачниот другар на авторот на посреден начин учествувал во неговото создавање. Овде доаѓа до примена на институтот заедништво. Според ова становиште приходите што се создадени на овој начин влегуваат во приходи кои го дополнуваат заедничкиот имот. Овде се наметнува и едно друго прашање. Што со оние приходи од интелектуална сопственост настанати пред склучување на бракот, а ефектуирани по склучување на бракот? И овде постојат две спротивставени становишта, едното дека претставува заеднички имот и другото дека претставува посебен имот. Исто така спорно е, дали претставува заеднички имот или посебен имот на едниот брачен другар, имотот стекнат по основ на приход од посебен имот за времетраење на бракот, ако се има предвид дека неговото создавање не е резултат на заедничка работа на двајцата брачни другари. Овде заслужува внимание да ги споменеме и игрите на среќа. Дали приходот од игри на среќа е резултат на средствата од заедничкиот имот или од посебниот имот. Така се јавуваат дилеми во однос на некои извори на приходи дали истите влегуваат во заедничкиот имот или во посебен имот. Овие прашања, бидејќи се работи за правна празнина потребно е законодавецот во најскоро време да ги уреди и со тоа да постои јасно разграничување што претставува заеднички имот на брачните другари или посебен имот на брачниот другар. Во теоријата и судската практика се забележува дека, како посебен имот ќе се смета имотот добиен врз основа на надомест на штета причинета на неговиот посебен имот, надомест на нематеријална штета за повреда на неговите лични добра, како и имотот стекнат врз основа на договор за доживотна издршка.[9]

## 1. Управување и располагање со заедничкиот имот

Ако се погледне специфичниот код на заедничкиот имот на брачните другари, управувањето и располагањето со заедничкиот имот е заеднички и спогодбено. Така во член 70, став 1 од ЗСДСП стои дека: „Брачните другари заеднички и спогодбено управуваат и располагаат со заедничкиот имот.“ Имајќи го предвид институтот заедничка сопственост, уделот на брачниот другар во заедничкиот имот е неопределен, па оттука ниту можат брачните другари

[8] Види повеќе кај: Спировиќ – Трпеновска Љ. (2008). Семејно право. Скопје: Правен факултет „Јустинијан Први“, стр. 241-242 и Мицковиќ Д., Ристов А. (2015). Семејно право. Скопје: Стоби Трејд, стр. 325.

[9] Види повеќе кај; Стекнување имот во брачна заедница. Достапно на [04.04.2025], https:/jpacademy.gov.mk/wp-content/uploads/2024/02/ИМОТ-СТЕКНАТ-ВО-БРАК-судија-Георгиевска-Read-Only.pdf.

самостојно да располагаат секој со својот дел, ниту да го товарат со правно дело меѓу живите.[10] Оттука и во судската практика се забележува дека нема да произведува правно дејство договорот со кој едниот од брачните другари, без согласност на другиот брачен другар, пред поделбата меѓу брачните другари го оптоварил или отуѓил имотот стекнат во брак. Така, доколку работите што треба да се превземат излегуваат од рамките на редовно управување, а работите што треба да се превземат се во врска со заедничкиот имот на брачните другари, потребна е согласност од другиот брачен другар. Согласноста треба да биде изразена не неформално, туку во форма која се бара за соодветното правно дело.[11] Значи потребна е согласноста во определена форма на другиот брачен другар.[12] Иако навидум едноставно сепак, во практиката се создаваат опредлени забуни. „Односно, може да имеме ситуација каде што возилото стекнато во брак се користи од само едниот брачен другар, или пак помеѓу брачните другари има спор во однос на тоа дали определен недвижен имот треба да биде даден под закуп или не.“[13] Додека при продажба на определен дел од заедничкиот имот што му припаѓа на едниот брачен другар се применуваат правилата на првенствено купување на сосопствениците (чл. 70, ст. 3 од ЗСДСП). Од погоре наведеното произлегува дека секој брачен другар самостојно располага и управува со посебниот имот, доколку сепак брачните другари поинаку не определиле во писмена форма, односно поинаку не се договорат.

Значи во принцип брачните другари заеднички и спогодбено управуваат и располагаат со заедничкиот имот. Ова притоа не значи дека тие не можат да се договорат поинаку. Законодавецот го овозможува ова. Тие можат со договор во писмена форма да се договорат управувањето и располагањето со заедничкиот имот или со еден дел од заедничкиот имот да го врши едниот од брачните другари. Овде постојат неколку можности што законот ги дава. Договорот може да се однесува на сите работи на располагање и управување или само на редовно управување или во потесна смисла само на точно определени работи.[14] Законодавецот пропишал дека кога поинаку не е договорено, управувањето опфаќа и располагање во рамките на редовно работење (чл. 71, ст. 3 од ЗСДСП). Ова е со цел да се избегнат евентуални спорови кои може да настанат во оваа смисла. Кога сме кај договорот за управување и располагање со заедничкиот имот, истиот не значи дека не може да се раскине дека е даден еднаш и засекогаш. Договорот може да се раскине од едниот брачен другар само истото да не е во невреме Тоа имено значи дека секој брачен другар може да го раскине договорот за управување или располагање со заедничкиот имот во секое време, освен кога со раскинувањето очигледно му се нанесува штета на другиот брачен партнер (чл. 71, ст. 4 од ЗСДСП). Овде секако се применуваат правилата од областа на облигационо – правната регулатива. Доколку нема договор за управувањето, одлучува судот. Ако за управувањето со заедничкиот имот или за одделна работа во врска со управувањето, брачните другари не можат да се спогодат, а ниту еден од нив не бара утврдување на деловите на заедничката сопственост, судот во вонпарнична постапка може по предлог на еден од брачните другари да определи потребни мерки кои се однесуваат на самото управување, односно на управувањето (чл. 73 од ЗСДСП).

## 2. Делба на заедничкиот имот

Во реалноста сосема се возможни ситуации брачните другари да прибегнат кон делба на имотот што е нивен, односно заеднички. Независно дали во времетраење на брачната заедница

---

[10] Види член 70, став 2 од ЗСДСП.

[11] На пример нотарот бара согласност доколку се продава или оптоварува недвижниот имот стекнат во брак. Стекнување имот во брачна заедница. Достапно на [04.04.2025], https:/jpacademy.gov.mk/wp-content/uploads/2024/02/ИМОТ-СТЕКНАТ-ВО-БРАК-судија-Георгиевска-Read-Only.pdf.

[12] Види член 72 од ЗСДСП.

[13] Имот стекнат во брак – се што треба да знаете. Достапно на [26.02.2025], https://blaw.com.mk/mk/имот-стекнат-во-брак/

[14] Види член 71, став 1 и 2 од ЗСДСП.

или по престанок на бракот секогаш е возможно брачните другари да го поделат заедничкиот имот спогодбено.[15] Со делбата на заедничкиот имот на брачните другари настанува режим на посебен имот (чл. 74, ст.2 од ЗСДСП). Ако изостане спогодбата, ако не се спогодат брачните другари, делбата на заедничкиот имот ја превзема државата. Тогаш судот во вонпарнична постапка на барање на еден од брачните другари го дели заедничкиот имот, тргнувајќи од претпоставката дека делбата на заедничкиот имот на брачните другари ќе биде на еднакви делови.[16] Значи претпоставката е еднакви делови. Но, сепак во реалниот живот секогаш не е така. Може да се случи придонесот на едниот од брачните другари во заедничкиот имот да е значително и очигледно поголем одколку придонесот од другиот брачен другар. Па оттука се поставува прашањето што во вакви ситуации. Особено кога бракот престанал со развод на брачните другари, судот мора многу внимателно да го разгледа ваквото прашање. Но, возможна е и обратна ситуација. Така да при делбата на заедничкиот имот се утврди дека придонесот на едниот брачен другар бил таков да на тој брачен другар му припадне значително помал дел. Законодавецот ги решава овие ситуации. Така на барање на еден од брачните другари , судот може да му определи поголем дел од заедничкиот имот, ако тој докаже дека неговиот придонес во заедничкиот имот е очигледно и значително поголем од придонесот од другиот брачен другар и доколку при делбата на заедничкиот имот се утврди дека на еден од брачните другари му припаѓа значително помал дел судот може на барање на еден од брачните другари да определи тој дел да му се надомести во пари (чл. 75, ст 3 и чл. 78 од ЗСДСП). Во науката стои дека, „при делбата на заедничкиот имот, освен вредносниот аспект на деловите, што ќе му припаднат на секој брачен другар, од суштествено значење е и составот односно содржината на имотот што ќе му припадне со делбата.“ (Спировиќ-Трпеновска, 2008) Овде секако дека содржината на материјалните добра е битна, а не само висината на делот што би го добил брачниот другар од заедничкиот имот. Така, брачниот другар е заинтересиран првенствено во неговиот дел од заедничкиот имот да влезат стварите што служат за обавување на неговата дејност. Така, стварите што служат за обавување на неговиот занает е од исклучителна важност за да може брачниот другар да продолжи да живее, да твори и по делбата на заедничкиот имот.[17] Меѓутоа овде во делот на брачниот другар од заедничкиот имот ќе се внесат и стварите кои служат исклучиво за негова лична употреба иако овие ствари се стекнати со работа во текот на брачната заедница.[18] Но, сепак од една страна и кога се работи за ствари кои служат за вршење на неговата дејност и од друга страна, кога се работи за ствари кои служат исклучиво за негова лична употреба постои коректив за тоа дали навистина овие ствари ќе влезат при делбата во неговиот посебен имот. Како коректив се јавува вредноста на стварите. Па така, тие ствари не ќе можат да се издвојат од заедничкиот имот, ако нивната вредност е несразмерно голема во однос на вредноста на вкупниот заеднички имот. Тогаш се врши делба и на тие ствари. Но и овде постои исклучок од ова правило. Законодавецот тука зазема јасен став. Така, брачниот другар што треба да ги добие овие ствари ќе ја надомести на другиот брачен другар соодветната вредност или на другиот брачен другар со негова согласност ќе му отстапи други ствари.[19]

Законодавецот пропишува и правила кога постојат заеднички деца, а сепак се врши делба на заедничкиот имот. На брачниот другар на кого му се доверени заедничките деца на чување и

---

[15] Види член 74, став 1 од ЗСДСП.

[16] Види член 75, став 1 и 2 од ЗСДСП.

[17] Така во член 76, ст. 1 од ЗСДСП стои дека: „При делбата на заедничкиот имот, по барање на брачниот другар, во неговиот дел првенствено ќе се внесат оние ствари од заедничкиот имот кои служат за вршење на неговата дејност.“

[18] Така во член 76 став 2 од ЗСДСП стои дека: „Од заедничкиот имот ќе се издвојат и ќе му се предадат на брачниот другар, покрај неговиот дел и оние ствари стекнати со работа во текот на брачната заедница кои служат исклучиво за негова лична употреба.“

[19] Во член 76, став 3 од ЗСДСП се пропишува дека; „Ако вредноста на стварите од ставовите 1 и 2 на овој член е несразмерно голема во однос на вредноста на сиот заеднички имот, ќе се изврши делба и на тие ствари, освен ако брачниот другар кој овие ствари би требало да ги добие, не ја надомести на другиот брачен другар соодветната вредност или на другиот брачен другар со негова согласност, не му отстапи други ствари.“

воспитување, му се доделуваат во сопственост, покрај неговиот дел и стварите што им служат на децата или се наменети само за нивна непосредна употреба (чл. 77, ст. 1 од ЗСДСП). Овде на пример влегува велосипедот на децата, тротинетот итн. При делбата на заедничкиот имот на брачниот другар на кого се доверени заедничките деца на чување и воспитување му се доделуваат и оние ствари за кои е очигледно дека е во интерес да бидат во имот и во сопственост на брачниот другар на кого децата му се доверени (чл. 77, ст. 2 од ЗСДСП). На пример: машина за перење алишта или машина за сушење алишта итн. Во правната наука и судската практика стои дека, „во повеќето случаи во кои се вклучени деца, родителот на кого децата му се доверени на чување и воспитување ќе добие право да ја задржи сопственоста на станот или куќата по разводот.“[20]

Оттука иако постои претпоставка за поделба на имотот на еднакви делови, сепак корекцијата се врши согласно принципот на правичност. Така отстапување од еднаквоста е согласно принципот на правичност

### 3. Одговорност за обврските и правниот статус на подароците

Законодавецот ги регулира прашањата и за обврските, како и за подароците направени меѓусебно од страна на брачните другари. Како што погоре опишавме во заедничкиот имот влегуваат правата, материјалните добра, но овде влегуваат и имотните обврски. Така за обврските што едниот брачен другар ги примил спрема трети лица за намирување на тековните потреби во брачната заедница, како и за обврските што според општите прописи ги товарат двајцата брачни другари, брачните другари одговараат солидарно.[21] Се поставува прашањето што доколку брачниот другар ја исполнил солидарната обврска од својот посебен имот? Законодавецот го дава одговорот и на ова прашање. Брачниот другар кој од својот посебен имот исполнил солидарна обврска има право да бара од другиот брачен другар да му го надомести делот на обврската што паѓа на него (чл. 79, ст. 3 од ЗСДСП). „Тоа значи дека доколку постои долг ќе се наплаќа од двајцата брачни другари, не подеднакво туку додека се наплати без оглед дали е наплатено повеќе од едниот брачен другар.“[22] „Битно е да се напомене дека не се делат само подвижните и недвижните ствари стекнати за времетраење на брачната заедница, туку и долговите кои настанале за времетраење на брачната заедница. На пример, ако за времетраење на брачната заедница е земен кредит истиот претставува обврска стекната во брак и како таква треба да се вклучи во масата за поделба.“[23]

Меѓутоа постојат обврски кој едниот брачен другар можеби ги имал пред склучување на бракот или строго лични обврски кои се поврзани со личноста на брачниот другар, а превземени по склучување на бракот. Тогаш за овие обврски другиот брачен другар не одговара.[24]

На крајот ќе кажеме и за третманот на подароците. Во нашето позитивно право постои становиште дека подароците не се враќаат. Во член 80 од ЗСДСП стои дека: „Подароците што брачните другари си ги дале еден на друг пред склучувањето на бракот или во текот на бракот не се враќаат.“ Значи независно кога се направени подароците во или не во брачната заедница, истите „не се враќаат“. Подароците не се враќаат независно од нивната вредност. Така во науката се забележува дека во споредбеното право постојат и поинакви становишта, зависно од вредноста на подароците, но кај нас вредноста на подароците не е од значење за враќањето

---

[20] Имот по развод на брак, *Правни одговори* На кого му припаѓа имотот по развод на брак? Достапно на [06.03.2025], https://blaw.com.mk/mk/имот-по-развод-на-брак/ .

[21] Види член 79, став 2 од ЗСДСП.

[22] Имот стекнат во брак – се што треба да знаете. Достапно на [26.02.2025], https://blaw.com.mk/mk/имот-стекнат-во-брак/ .

[23] Поделба на имот стекнат во брак. Достапно на [06.03.2025], https://pepeljugoski.com.mk/2022/09/13/podelba-na-imot-steknat-vo-brak/.

[24] Види член 79, став 1 од ЗСДСП.

на подароците, бидејќи од погоре наведената одредба јасно произлегува дека подароците не се враќаат. (Спировиќ-Трпеновска, 2008)

**Заклучок**

Во нашето позитивно право се уредени два режима на имотни односи на брачните другари и тоа законски брачен имотен режим и договорен брачен имотен режим. Според законскиот имотен режим кој истиот е доминантен имотот на брачните другари се дели на заеднички и посебен имот. Овој модел е доминантен затоа што договорниот имотен режим има ограничена примена на пример кај управувањето и располагањето со посебниот и заедничкиот имот.

Од создавањето на брачната заедница брачните партнери секој во зависност од сопствените можности придонесува кон задоволување на нивните заеднички потреби како и за потребите на нивните деца. Законодавецот најпрвин предвидел дека, имотот на брачните другари може да биде заеднички и посебен имот. Потоа имотот кој брачните другари ќе го стекнат во текот на траењето на бракот претставува нивен заеднички имот Се работи за заеднички придонес било да станува збор за непосреден или посреден придонес.

За разлика од заедничкиот имот на брачните партнери каде не беа наведени основите за стекнување на истиот, кај посебниот имот овој недостаток законодавецот го регулира. Но, сепак и тука законодавецот кога станува збор за посебниот имот пропуштил да го регулира прашањето за приходите од интелектуална сопственост.

Ако се погледне специфичниот код на заедничкиот имот управувањето и располагањето со заедничкиот имот е заеднички и спогодбено. Имајќи го предвид институтот заедничка сопственост, уделот на брачниот другар во заедничкиот имот е неопределен, па оттука ниту можат брачните другари самостојно да располагаат секој со својот дел, ниту да го товарат со правно дело меѓу живите

Независно дали во времетраење на брачната заедница или по престанок на бракот секогаш е возможно брачните другари да го поделат заедничкиот имот спогодбено. Со делбата на заедничкиот имот на брачните другари настанува режим на посебен имот. Ако изостане спогодбата, ако не се спогодат брачните другари, делбата на заедничкиот имот ја превзема судот.

Во заедничкиот имот влегуваат правата, материјалните добра, но овде влегуваат и имотните обврски. Така за обврските што едниот брачен другар ги примил спрема трети лица за намирување на тековните потреби во брачната заедница, како и за обврските што според општите прописи ги товарат двајцата брачни другари, брачните другари одговараат солидарно.

На крај за подароците. Подароците што брачните другари си ги дале еден на друг пред склучувањето на бракот или во текот на бракот не се враќаат. Значи независно кога се направени подароците во или не во брачната заедница, истите „не се враќаат", независно од вредноста.

**БИБЛИОГРАФИЈА:**

Мицковиќ Д., Ристов А. (2015). Семејно право. Скопје: Стоби Трејд.
Спировиќ – Трпеновска Љ. (2008). Семејно право. Скопје: Правен факултет „Јустинијан Први".
Чавдар К. (1993). Закон за семејството и други прописи. Скопје: Службен весник на Република Македонија.
Живкоска Р. (2005) Закон за сопственост и други стварни права (со регистар на поими). Скопје: Европа 92.
Стекнување имот во брачна заедница. Достапно на [04.04.2025], https:/jpacademy.gov.mk/wp-content/uploads/2024/02/ИМОТ-СТЕКНАТ-ВО-БРАК-судија-Георгиевска-Read-Only.pdf.
Поделба на имот стекнат во брак. Достапно на [06.03.2025], https://pepeljugoski.com.mk/2022/09/13/podelba-na-imot-steknat-vo-brak/ .

Имот стекнат во брак – се што треба да знаете. Достапно на [26.02.2025], https://blaw.com.mk/mk/имот-стекнат-во-брак/ .

Имот по развод на брак, *Правни одговори* На кого му припаѓа имотот по развод на брак? Достапно на [06.03.2025], https://blaw.com.mk/mk/имот-по-развод-на-брак/ .

Закон за сопственост и други стварни права „Службен весник на Република Македонија“ бр. 18/2001, 92/2008, 139/2009, 35/2010.

Закон за семејството „Службен весник на Република Македонија“ бр. 80/1992, 9/1996, 38/2004, 83/2004 – пречистен текст, 33/2006, 84/2008, 157/2008 – пречистен текст, 67/2010, 156/2010, 39/2012, 44/2012, 38/2014, 115/2014, 104/2015, 150/2015, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.53/2021 и 199/2023.

Закон за облигационите односи „Службен весник на Република Македонија“ број 18/2001, 78/2001, 04/2002, 59/2002, 05/2003, 84/2008, 81/2009, 161/09 и 123/2013.